# НЕОЛИТСКИОТ ЛОКАЛИТЕТ ГРНЧАРИЦА

Дарко Стојановски, УТАД, Вила Реал, Португалија; stjdrk@unife.it

Трајче Нацев, УГД, Штип, Република Македонија; trajce.nacev@ugd.edu.mk

АПСТРАКТ

Пред осум години неолитската населба Грнчарица кај Штип беше за прв пат откриена и делумно истражена. Поради низа околности, подетални резултати од ова истражување сеуште не се претставени пред македонската стручна јавност. Како резултат, податоци од овој значаен локалитет недостасуваат во публикациите посветени на Неолитот во Македонија. Од тие причини, овде ќе бидат презентирани детаљи од текот и околностите на истражувањето, типот и карактерот на населбата и материјалната култура, резултатите од лабораториско датирање на единственото погребување откриено во населбата, како и импликациите кои овие резултати ги имаат кон прашањата поврзани со процесот на неолитизација и понатамошниот развој на неолитските култури во Македонија.